Врз основа за член 14 став 4 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/12, 187/13, 39/14, 42/14, 166/147, 44/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), со член 22 став 1 точка 4 и член 62 во врска од Законот за локалната самоуправа патишта ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 12 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 28.12.2023 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се утврдува обемот на работа, средствата за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година, нивниот распоред и начинот на користење.

**Член 2**

Изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта и улици, Општина Валандово во 2024 година ја планира на следниот начин и со следните средства:

**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

1. 720.193,93 евра во денарска противредност (по Проект за изградба на локални улици и патишта на Министерството за транспорт и врски), со намена:
   - Изградба на ул. „Моша Пијаде" во с.Јосифово;
   - Изградба на втора фаза од пат за поврзување на населено место Горна Мала во Регионелан пат Р 1105.
   - Изградба на улица Новопроектирана 1 во Валандово(од населбата „Мечкин даб" до новите градски гробишта и крак со поврзување во Регионален пат Р 1105);
2. - 2.850.000,00 денари (од Агенција за државни патишта)
   - 8.686.000,00 денари (средства од Буџет на Општина Валандово),

   со намена за изградба и реконструкција на:
   - Улици во населените места во општината;
   - Улици во градот Валандово.
3. 573.936,00 денари (од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој) со намена:
   - Изградба на полски пат Јосифово - Калково

**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ**

- 400.000,00 денари за одржување на улици и патишта (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**НАДЗОР НАД ГРАДБИТЕ**

- 400.000,00 денари (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**Член 3**

Доколку во постапката за јаван набавка, за реализација на планираните изградби, се постигне пониска цена од висината на планираните средства со оваа програма и доколку во текот на годината се обезбедат дополнителни средства за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово, соодветно ќе се изврши дополнување на оваа програма.

**Член 4**

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово"

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков